Врз основа на член 17 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Р. Македонија бр. 52/2010 од 16. 04. 2010 година), основачкото Собрание на Меѓународното Здружение на граѓани КУЛТУРНО ЕХО- Скопје со седиште на адреса: Антон Попов бр. 36, 1000 Скопје, на ден 11 Март 2018 година го донесе следниот:

# А К Т  З А  О С Н О В А Њ Е

**член 1**

Меѓународното здружение на граѓани КУЛТУРНО ЕХО- Скопје со седиште на: Антон Попов бр. 36, 1000 Скопје, е доброволно, самостојно, непрофитно и непартиско друштво на граѓани.

**член 2**

**ИМЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**: Меѓународно здружение на граѓани КУЛТУРНО ЕХО- Скопје

**Скратен назив:** Здружение КУЛТУРНО ЕХО- Скопје

**Седиштето на здружението:** Антон Попов бр. 36, 1000 Скопје

**Адреса на здружението**: Антон Попов бр. 36, 1000 Скопје

**член 3**

Основни цели и задачи на здружението се Цели на Здружението се:

- спроведување на истражување во сите држави од светот за објекти кои може да претставуваат закана по безбедноста, општото здравје, се извор на болести, зарази и зависности за граѓаните, животните и животната средина, и нивна пренамена за

општо добро врз основа на член 27[1] и член 22[2] од Универзалната Декларација за Човековите Права;

- заштита и промовирање на човековите обврски кон уживањето на безбедна, здрава, чиста и одржлива животна средина; и човековото право на културата и уметноста кај граѓаните на светот;

- партиципација и организирање на културно уметнички активности на домашен и меѓународен план;
- популаризација и афирмација на уметноста и културата во секојдневното живеење на граѓаните;
- подигање на еколошката свеста кај граѓаните за правото на здрава животна средина и природа;
- зголемување на граѓанската свест за потребите и можностите кои произлегуваат од заедничкиот општествен живот, просторното планирање, правилното користење и управување со природните богатства и ресурси;
- создавање на еколошки урбан живот;
- предлагање и имплементирање на проекти од полза за општеството во сите сфери на општественото живеење ;
- партиципација во општествени иницијативи и кампањи на домашен и меѓународен план;
- застапување на интересите на своите членови.

**Основачи:**

1. **Симона Димковска**,
2. **Balśa Poćek**,
3. **Tomás Romero Talley**,
4. **Ивона Крстеска**,

[1] „Секој има право слободно да учествува во културниот живот на заедницата, да ужива во уметноста и да учествува во научниот напредок и во неговите користи."

[2] „ Секој, како член на општеството, има право на социјално осигурување и право да остварува стопански, општествени и културни права неопходни за своето достоинство и за слободен развој на својата личност со помош од државата и меѓународната соработка, а во согласност со организацијата и средствата на секоја држава."

5. **Наталија Теодосиева**,